ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ
2 6 -11- 2019
07 29327/1

Христина П.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Скопје 1 Скопје 2**
**ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4**
**тел. 02 3111 533**

**Образец бр.66**

**И.бр.863/2019**

Извршителот **Весна Деловска** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ХАЛК БАНКА АД Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на Ул.Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа – Нотарски акт – Договор за залог врз недвижност хипотека [redacted] против **должниците: 1.** должник [redacted] на [redacted] живеалиште [redacted] и **2.заложен должник** [redacted] **живеалиште на** [redacted] **со ЕМБГ** вредност [redacted], за спроведување на извршување во [redacted] на ден 26.11.2019 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба** со усно јавно наддавање на недвижностите сопственост на заложниот должник Ќемал Мифтари од Скопје опишани во **ИЛ бр. 958541 КО Чаир**, со следниве ознаки и за кои е утврдена следната вредност:

-КП 1143, дел 1, адреса ул.Босна и Херцеговина бр.10, бр.на зграда 1, нам.на зграда А2-2, влез 1, кат СУ, број 3, нам.на посебен дел ДП со површина 38м2; **во вкупен износ од 20.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на продажба;**

-КП 1143, дел 1, адреса ул.Босна и Херцеговина бр.10, бр.на зграда 1, нам.на зграда А2-2, влез 1, кат СУ, број 4, нам.на посебен дел ДП со површина 36м2; **во вкупен износ од 19.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на продажба;**

Продажбата ќе се одржи на ден **20.12.2019 година** во **11:00 часот** во просториите на Извршителот **Весна Деловска**.

Почетната вредност на недвижностите, по предлог на доверителот Халк Банка АД Скопје, **е погоренаведена за секоја недвижност поединечно и истите се продаваат одделно**, под која недвижностите не може да се продадат на второто јавно наддавање.

Недвижностите се оптоварени со следните товари и службености: хипотека во корист на доверителот и Налог за извршување по чл.166 од ЗИ од 25.06.2019 година на Извршител Весна Деловска.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250001002663794 која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД и даночен број МК5080010500763.

*На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.*

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Деловска

Д.-на: Доверител, Должник, Заложен должник и Архива

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.